# МРО

## СОЗДАВАЊЕ НА МРО

Тешката економска состојба на населението во Македонија, насилствата и теророт од страна на разбојнички банди, доселувањето на мухаџирите (муслимани бегалци од териториите кои османлиите ги изгубиле на Балканот), пропагандите на соседните држави и нерешавањето на Македонското прашање од страна на големите сили, го натерале народот во Македонија да се организира и да почне сопствена политичка и вооружена борба за создавање на своја држава.

Во осумдесеттите години на XIX век на територијата на Македонија веќе постоеле ајдучки вооружени групи кои биле предводени главно од македонски интелектуалци (во прв ред учители). Но тие биле некоординирани, немоќни да преземат посериозни акции или да вршат политичко влијание кај соседите или големите сили.

Поради тоа во Македонија, природно се појавила потреба од организирана форма на дејствување за реализација на единствената цел – Слобода на Македонија (Автономија на Македонија)

Шест Македонски интелектуалци, на 23 октомври 1893 год во Солун, се состанаа и ја создадоа МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА.

Тие се:

- Д-р Христо Татарчев
- Даме Груев
- Петар Попарсов
- Христо Батанџиев
- Андон Димитров
- Иван Хаџиниколов

На основачкиот состанок е решено организацијата да биде тајна, во неа да може да членува секој жител на Македонија кој ќе ја прифати целта на организацијата – АВТОНОМИЈА НА МАКЕДОНИЈА.

На основачкиот состанок избран е Централен комитет (ЦК) на чело со Христо Татарчев (претседател) и Даме Груев (секретар). Петар Попарсов бил задолжен да изработи нацрт Програма и Устав на организацијата.

Уставот и Програмата на МРО, усвоени се на наредниот состанок, наредната година.

Во Организацијата многу бргу се вклучија интелектуалци кои беа прогонети од српските и егзрхиските училишта, а целите на организацијата беа прифатени од напредното граѓанство и занаетчиите. Меѓу првите кои се вклучија во организацијата беа: Ѓорче Петров, Гоце Делчев, Пере Тошев, Јане Сандански, Христо Узунов, Лазар Поптрајков и др. Нивното членство во организацијата предизвика масовно зачленување во организацијата и на селско население. Со

оглед на тоа што добар дел од членовите на потесното водство на организацијата биле учители, тие со учителствувањето, ја ширеле идеата на МРО и зачленувале нови членови во Организацијата.

**СОЛУНСКИ КОНГРЕС – летото 1896**

**Летото 1896 год се одржа конгрес на МРО во Солун. На конгресот учествувале 16 делегати.**

**Гоце Делчев и Ѓорче Петров биле задолжени да подготват нов Устав и Правилник на МРО.**

Решено е:

- Седиштето на ЦК да биде во **СОЛУН**.
- Дејноста на организацијата да се прошири и на **Одринско**
- Територијата на дејствувањето на организацијата да се подели на **РЕВОЛУЦИОНЕРНИ ОКРУЗИ и тоа: (Солунски, Битолски, Скопски, Серски, Струмички и Одрински)**
- Окрузите да се делат на помали организациони единици – **ОКОЛИИ**
- Да се организира **Задгранично претставништво на организацијата во Софија**

Со новиот Устав, МРО се преименува во **ТАЈНА МАКЕДОНСКО ОДРИНСКА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА (ТМОРО).**

**Највисок орган на ТМОРО е КОНГРЕСОТ**, на кој се избира Централен комитет со седиште во Солун.

Воспоставени се и **револуционерна власт со тајна полиција и револуционерен суд за решавање на споровите** кај населението.

Организирани се и **околиски револуционерни чети на чело со војводи.**

Организирана е **тајна пошта, курирска служба и селски чети** со повремена активност.

Задолжен за содавањето на вооружените чети на МРО бил Гоце Делчев.

Пароли на МРО се **„СЛОБОДА ИЛИ СМРТ“ и „МАКЕДОНИЈА ЗА МАКЕДОНЦИТЕ“**

Значењето на создавањето на МРО е тоа што таа е **организирана форма на борба на целата територија на Македонија** со единствена цел – Автономија на Македонија.

(Организацијата низ различни периоди имала различни имиња: МРО, ТМРО, ТМОРО, ВМОРО, ВМРО. За да не се потенцира секогаш целото име на организацијата, се употребува само кратенката **МРО** која се однесува на сите периоди. Значи, не станува збор за различни организации, туку за истата МРО, кој го менува името.)

# ВМК (ВРХОВЕН МАКЕДОНСКИ КОМИТЕТ)

Освен борбата против османлиското робство, МРО има решителен став да се бори и против пропагандите на соседните држави. Поради тоа, за да се оневозможи ваквата борба, во 1895 г. во Софија, од македонски емигранти приврзаници на големобугарската државна политика  создаден е тн.Македонски комитет. Неговата цел е да се уфрли во водството на МРО и да го афирмира бугарскиот карактер на Македонија. Претседател на Македонскиот комитет бил Трајко Китанчев.

Од 1895 год. Македонскиот комитет се применува во ВРХОВЕН МАКЕДОНСКИ КОМИТЕТ (ВМК) на чело со бугарскиот генерал Данаил Николаев.

Со дејствувањето на ВМК, се внесува забуна кај македонското население и кај членството на МРО, затоа што ВМК пропагира дека Македонците се Бугари и дека Македонија треба да се присоедини кон Бугарија. ВМК создава и свои вооружени чети кои веднаш започнале со дејствија на територијата на Македонија и Одринско. Брховниот комитет успева да собере прврзаници од самите Македонци, членови на МРО, со што доаѓа до поделба кај самото членство во МРО. Приврзаниците на македонската струја и поддржувачите на Централниот Комитет се наречени **ЦЕНТРАЛИСТИ**, а приврзаниците на Врховниот (пробугарски) комитет се наречени **ВРХОВИСТИ**.

На чело на ВМК во 1899 г застанал **Борис Сарафов**  и единствено тогаш, со силни заложби на Задграничното претставништво на МРО се почуствува затоплување на односите со МРО, но за кратко, затоа што Сарафов не бил пробугарски послушник па бил сменет со бугарскиот генерал Иван Цончев.

Од 1900 год, ВМК го менува името во ВМОК (Врховен македонско-одрински комитет)

Во есента 1902, во Горна Џумаја (денешен Благоевград) ВМОК организирал и кренал неуспешно востание – Горноџумајско востание, кое завршило погубно за МРО. По ова востание, османлиските власти интензивно вршеле претреси и ја откриле организационата структура на МРО, заплениле оружје, документи и заробила дел од членовите на високите органи на МРО. Во неколку провали (афери или воено - полициски акции на османлиските власти по претходни собрани сознанија) уапсени биле Пере Тошев, Христо Матов и Христо Татарчев, сите членови на Централниот комитет на МРО.

Најголем борец против четите и политиката на Врховниот комитет бил Јане Сандански.